2026

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ОДАНОЧУВАЊЕ НА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ОД ВРШЕЊЕ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ВО 2025 ГОДИНА

Регистрација, оданочување и изготвување на Годишна сметка за остварените приходи од самостојна дејност

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
бул.„Кузман Јосифовски-Питу" бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 09.03.2026 година

Уредници: Сектор за даноци и услуги на даночни обврзници

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за дигитализација

Наслов: Оданочување на приходи остварени од вршење самостојна дејност

ISBN: 978-608-4866-72-5
Бр: 08-2102/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/5

**2026 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД........2

ВРШЕЊЕ НА САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ........3

ПОСТАПКИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ И ЗА ДАНОЧНИ ЦЕЛИ........4

ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД........7

СОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА И РОКОВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ........9

ПАУШАЛНО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДОХОД ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ........19

## ВОВЕД

Оваа брошура треба да ве упати во основните правила и процедури за регистрација, утврдување и плаќање на данокот на личен доход и изготвување на Годишна сметка за остварените приходи од самостојна дејност.

Преку брошурата ќе се запознаете за тоа:

- ✓ Како и каде да се регистрирате, ако остварувате приходи од самостојна дејност?
- ✓ Кои се вашите права и обврски?
- ✓ Кога и на кој начин сте обврзани да ги пресметувате, пријавувате и плаќате соодветните даноци?
- ✓ Составување и доставување на Годишна сметка и поднесување на даночна пријава

Во текстот се употребуваат следните кратенки:

| | |
|---|---|
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ЗДЛД | Закон за данокот на личен доход |
| ЗТД | Закон за трговски друштва |
| Б | Биланс на приходи и расходи |
| ДЛД-ДБ | Годишен даночен биланс за данокот на личен доход |
| ДЛД-ГДП | Годишна даночна пријава за утврдување на данокот на личен доход |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЕМБС | Единствен матичен број на субјектот |
| ЕДБ | Единствен даночен број |

# ВРШЕЊЕ НА САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

## Трговец - поединец

Трговец - поединец е физичко лице кое во вид на занимање, врши трговска дејност определена во Законот за трговски друштва, кој одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.
Својството на трговец - поединец се стекнува со уписот во Трговскиот регистар, кој се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
Не се сметаат за трговци според ЗТД: физички лица кои вршат земјоделска и шумарска дејност (индивидуални земјоделци); занаетчии и физички лица кои вршат услуги, освен ако нивната дејност може да се определи како претпријатие; физички лица кои вршат угостителски услуги со издавање соби во своите живеалишта; и физички лица кои се занимаваат со слободни занимања (адвокати, нотари, лекари и други).

## Граѓани кои остваруваат приходи од самостојна дејност

Во оваа категорија влегуваат граѓаните кои остваруваат приходи од:

- стопанска дејност;
- производна, услужна, трговска, угостителска, превозничка и друга слична дејност;
- давање професионални и други интелектуални услуги (адвокатски, нотарски, консултантски, ревизорски, инжинерски, архитектонски, новинарски, спортски, културни и други интелектуални дејности);
- земјоделска дејност (производство, доработка, преработка и пласман на сопствени земјоделски производи и одгледување на добиток и други стопанско-корисни животни и пласман на нивните производи);
- други дејности, чија крајна цел е остварување на приходи.

Сите физички лица кои остваруваат приходи од самостојна дејност, должни се својата дејност да ја регистрираат кај надлежниот регистар.

## ПОСТАПКИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ И ЗА ДАНОЧНИ ЦЕЛИ

### Регистрирање на дејност

Доколку сакате да отпочнете некоја дејност од која ќе остварувате приходи од самостојна дејност, треба да се пријавите и регистрирате во соодветен (основен) регистар кај соодветната асоцијација на која припаѓате.

- ✓ **Трговците-поединци** се регистрираат во Трговскиот регистар, што се води во Централниот регистар.
- ✓ **Граѓаните** кои остваруваат приходи од самостојна дејност, податоците за упис ги доставуваат во своите основни регистри, надлежни за упис на дејностите што се водат кај Коморите (адвокатската, нотарската, занаетчиската, медијаторската дејност и дејност на извршители, и слична дејност на вашето делување), подрачните служби на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на подрачјето каде обавувате дејност.
  Овие регистри се должни по службена должност до Централниот регистар на РМ да ги пренесат решенијата за упис, заради обезбедување на соодветните податоци за регистрацијата, како што се: ЕМБС, ЕДБ, шифра на дејност, правна форма и сл.

### Доделување на Единствен даночен број

Преку Централниот регистар, УЈП ќе ви додели даночен број и ќе ве воведе во Регистерот на даночни обврзници кој се води во Управата.
Значи, за да добиете ЕДБ, не е потребно да доаѓате во даночните канцеларии.
Доделувањето на ЕДБ се врши **едношалтерски**, со службена размена на податоците помеѓу Централниот регистар и УЈП.
За податоците на уписот, Централниот регистар ќе ви издаде Решение.

> Сите податоци запишани во регистрите ќе имаат правно дејство спрема трети лица, од денот кога ќе бидат пренесени во електронска форма и објавени на веб страницата на Централниот регистар *www.crm.com.mk*

## Пријавување на промена на податоци во УЈП

Во случај на промена на регистарските податоци (адреса на вистинско седиште за контакт, контакт телефон, име и презиме на овластен книговодител, односно назив на овластено книговодствено биро, адреса на овластен книговодител, односно адреса на овластено книговодствено биро, контакт телефон на овластен книговодител, односно овластено книговодствено биро, сметка кај носителот на платен промет за даночни цели) поднесете Пријава за регистрација на даночен обврзник (образец "УЈП-РДО") до Управата за јавни приходи.
Точноста на регистарските податоци е неопходна поради достава на пријави, решенија, известувања, навремено информирање на даночните обврзници, водење на евиденцијата за даночниот обврзник.

Доколку се утврди дека непријавено вршите дејност, или не сте запишани во Регистарот на даночни обврзници и не ви е доделен ЕДБ, Управата за јавни приходи службено ќе ве регистрира и ќе ви додели ЕДБ, но за тоа ќе сносите санкции.

## Регистрација за цели на данокот на додадена вредност

Покрај т.н. општа даночна регистрација, должни сте да се регистрирате и како обврзник за целите на ДДВ[1], доколку деловниот потфат кој го отпочнувате претставува вршење на стопанска дејност од која предвидувате дека во текот на една календарска година ќе остварите вкупен оданочив промет над прагот за регистрација за целите на ДДВ согласно Законот за данокот на додадена вредност, односно над 2.000.000 денари.

1) Повеќе информации во врска со регистрацијата и оданочувањето со ДДВ можете да добиете и преку веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/141

Доколку сакате доброволно да се регистрирате за целите на данокот на додадена вредност за 2026 година, можете да поднесете Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност (образец "ДДВ-01") до 15 јануари 2026 година.

Доколку во текот на годината остварите оданочив промет над 2.000.000 денари, должни сте да се регистрирате за целите на ДДВ, односно да поднесете Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност (образец "ДДВ-01") најдоцна до 15-ти во месецот кој следи по месецот кога е остварен прометот.

**Пример**: Доколку со состојба 20-ти март даночниот обврзник остварил промет 2.260.000 денари, Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност (образец "ДДВ-01") треба да ја поднесе најдоцна до 15-ти април.

Пријавата за регистрација може да се достави по пошта, лично до Регионалната дирекција на Управата за јавни приходи (според седиштето/живеалиштето на даночниот обврзник) или по електронски пат **etax.ujp.gov.mk**

## Воведување и користење на фискален апарат

Доколку вршите промет на добра или услуги, за кои плаќањата се вршат во готово, должни сте да воведете и да користите одобрен фискален систем на опрема за регистрација[2] на готовинските плаќања и задолжително да издавате фискална сметка, од самото пуштање на објектот во употреба.

> Доколку како обврзник на данок на доход од вршење дејност воведете во употреба одобрен систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, имате право на намалување на пресметаниот данок на доход во висина на вредноста на воведени и ставени во употреба до десет фискални апарати.

За користење на даночното олеснување поднесете барање (образец "ДЛД-02")[3] до даночната канцеларија на УЈП или или во електронска форма преку **e-ujp.ujp.gov.mk**

---

2) Информирајте се повеќе за фискализацијата преку http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/133
3) Ова даночно ослободување, по одобрение на УЈП, ќе можете да го користите при доставувањето на Годишниот даночен биланс "ДЛД-ДБ", или пак месечно со намалување на месечните аконтации на данокот на доход започнувајќи од месецот што следува после добиеното одобрение од УЈП.

# ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД

## Данок на доход од плата

Како граѓанин кој остварува приходи од самостојна дејност, односно доколку сте самовработено лице, имате обврска да ги пресметате и уплатите социјалните придонеси и данокот на доход од плата[4] за вашите вработени, односно да пресметувате и уплатувате придонеси за вас како самовработено лице.

Користете ги електронските услуги на УЈП за поднесување на пресметките за плата. Пополнетиот образец "МПИН" пратете го преку електронска пошта celaplata@ujp.gov.mk и истиот ќе се смета за доставен до Управата за јавни приходи.

## Аконтативно плаќање на данокот на доход

Граѓаните кои остваруваат приходи од самостојна дејност (освен граѓаните кои вршат регистрирана дејност, а кои данокот на доход го плаќаат во паушален износ) имаат обврска аконтативно да го плаќаат данок на доход за тековната календарска година, како и по истекот на годината да достават Годишна сметка до Управата за јавни приходи и до Централниот регистар.

Почнувајќи од 1 јанауари 2014 година, граѓаните кои остваруваат приходи од самостојна дејност (освен граѓаните кои вршат регистрирана дејност, а кои данокот на доход го плаќаат во паушален износ) аконтацијата на данокот на доход за приходите од вршење на самостојна дејност кои се оданочуваат според вистински доход во тековната година, ја пресметуваат врз основа на податоците од Годишниот даночен биланс за претходната година.

Месечната аконтација на данокот на доход за приходите од самостојна дејност се плаќа во износ од една дванаестина од пресметаниот данок во Годишниот даночен биланс за претходната година.

4) За повеќе информации во врска со пресметката на бруто-плата посетете ја нашата веб страница http://ujp.gov.mk/mk/vodic/category/132

Аконтацијата на данокот на доход за месец Јануари и Февруари во тековната година пресметува врз основа на податоците од годишниот даночен биланс за годината која и претходи на претходната година .

Месечната аконтација на данокот на доход се плаќа до 15-ти во тековниот за претходниот месец.

Ако за прв пат основате трговско друштво (трговец - поединец) или отпочнувате со вршење на дејност како самостоен вршител на дејност во согласност со закон, и доколку претходно не сте биле регистрирани за вршење на таа дејност во Централниот регистар, информирајте се за даночните бенефиции/ослободување од данокот на доход предвидени со Законот за вработување во случај на невработеност[5].

## Утврдување на даночни обврски

Конечната обврска за плаќање на данокот на доход на приходите од самостојна дејност за 2025 година, самостојно ја утврдувате со поднесување на Годишниот даночен биланс (образец "ДЛД-ДБ").
Разликата помеѓу платените аконтации и данокот на доход имате обврска да ја платите најдоцна во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот за предавање на Годишниот даночен биланс.

5) Види член 100 од истиот Закон.

## СОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА И РОКОВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ

Обврска да изготвуваат Годишна сметка имаат:

- Трговци-поединци;
- Физички лица кои се занимаваат со земјоделска дејност;
- Физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност;
- Лица кои вршат услуги или слободни занимања, кои остваруваат приходи од вршење на дејност (професионални и други интелектуални услуги - адвокатска, нотарска, консултантска, ревизорска, инжинерска, архитектонска, новинарска, спортска, културна и друга интелектуална дејност и слично).

По истекот на календарската година, должни сте по електронски пат преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** до УЈП, и до Центалниот регистар да ја доставите Годишната сметка најдоцна до 15 март наредната година (пр. за 2025 година, рокот е 15 март 2026 година).

Годишната сметка се составува на следните обрасци:

1) Биланс на приходи и расходи (образец **"Б"**); и
2) Годишен даночен биланс (образец **"ДЛД-ДБ"**).

## Биланс на приходи и расходи

Во Билансот на приходи и расходи (образец "Б") треба да ги искажете вкупните приходи и вкупните расходи од работењето во календарската година, вредноста на средствата за работа и вредноста на залихите. Билансот се пополнува согласно состојбите искажани во вашите деловни книги, кои сте должни да ги водите.

## Годишен даночен биланс

Во Годишниот даночен биланс (образец "ДЛД-ДБ") го утврдувате нето - доход од самостојна дејност кој претставува основа за пресметување на годишниот данок на доход. При електронското пополнување на Годишниот даночен биланс, следете ги следните упатства:

**Нето-доход пред оданочување (поле 01)** - го внесувате позитивниот финансиски резултат утврден во Билансот на приходи и расходи на полето 23 (образец "Б"), составен за даночниот период за кој се составува образецот "ДЛД-ДБ", односно за пресметковниот период (кај ново формираните субјекти).

**Загуба пред оданочување (поле 02)** - ја внесувате загубата утврдена во Билансот на приходи и расходи на полето 24 (образец "Б"), составен за даночниот период за кој се составува образецот "ДЛД-ДБ", односно за пресметковниот период (кај ново формираните субјекти).

**Непризнаени расходи за даночни цели (поле 03)** - го внесувате збирот на износите на расходите со кои се зголемува искажаниот нето-приход или се намалува искажаната загуба. Утврдените трошоци и другите расходи кои не се признаваат за даночни цели се утврдуваат согласно со член 27 од ЗДЛД. За трошоците кои не се посебно искажани важат правилата утврдени со прописите за сметководство и сметководствени стандарди.

**Износ утврден како разлика помеѓу пазарната цена и трансферната цена кај поврзани лица (поле 04)** - ја внесувате разликата помеѓу пазарната цена и трансферната цена за трансакциите, кои како даночен обврзник сте ги имале со поврзани лица.

За *лице поврзано со обврзникот* се смета правно и физичко лице во чии односи со обврзникот, се јавува можност за контрола или значително влијание врз деловните одлуки. Под *трансферна цена* се смета цената настаната во врска со извршената трансакција на средствата или создавање обврски меѓу поврзани лица. При утврдување на разликата меѓу пазарната и трансферната цена, треба да се користат споредливи цени што би се оствариле на домашниот пазар или компаративниот странски пазар кога не би се работело за однос со поврзани лица. Кога тоа не е можно, се користи цената утврдена според методот на чинење, зголемена за вообичаената заработувачка (разлика во цени, провизија).

**Амортизација над износот утврден со примена на амортизационите стапки пропишани со номенклатурата на средствата (поле 05)** - го внесувате износот на амортизацијата на нематеријалните и материјалните средства над износот утврден со примена на амортизационите стапки пропишани со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните вложувања.

**Преостаната сегашна вредност на основните средства кои не се користат, а се амортизираат во целост (поле 06)** - го внесувате износот на преостанатата сегашна вредност на материјалните и нематеријалните вложувања (основни средства) кои не се користат, а на кои е извршена целосна исправка на товар на приходите, доколку по поднесено писмено барање најдоцна до 31 јануари во годината која следува по годината за која следува барањето не се добие согласност од Управата за јавни приходи.

**Дел од камата по земени кредити над износот на важечките каматни стапки на деловните банки (поле 08) -** го внесувате износот на каматата по заем кој го надминува износот на камата кој би се платил на соодветен кредит од деловните банки, при што, доколку обврзникот не може евидентирано да докаже дека висината на каматната стапка е во согласност со оваа одредба, каматата ќе се признае најмногу до висината на ЕУРИБОР стапката за девизните кредити со соодветна рочност и СКИБОР стапката за денарски кредити зголемени за еден процентен поен.

**Уплатени премии за животно осигурување за една календарска година (поле 09)** - го внесувате износот на уплатени премии за осигурување на живот за вработени лица и за обврзникот кој остварува приходи од самостојна дејност.

**Уплатени премии за неживотно осигурување (поле 10)** - се внесува износот на уплатените преми за неживотно осигурување освен уплатени премии за колективно осигурување за вработени лица кои ги плаќа работодавачот за повреди на работа и за обврзник кој остварува приходи од самостојна дејност.

**Уплатени придонеси во доброволниот пензиски фонд (поле 11)** - се внесува износот на платениот придонес за вработено и самовработено лице над две просечни месечни бруто-плати во Република Северна Македонија, објавени во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**Трошоци по основ на организирана исхрана и превоз до и од работа и други надоместоци над пропишаните износи утврдени со Законот (поле 12)** - го внесувате износот на трошоците исплатени над пропишаните износи утврдени со Законот за работните односи, Општиот колективен договор за приватниот сектор во Република Северна Македонија, односно над висината утврдена со прописите за органите на државната управа и тоа за:

- организирана исхрана;
- за превоз до и од работа; и
- други надоместоци на трошоци од работен однос.

**Исплатен регрес за годишен одмор (поле 13)** - се внесува исплатениот износот над износот утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, грански колективни договори и колективен договор на ниво на работодавач.

**Трошоци по основ на камата по кредити за набавка на патнички автомобили (поле 14)** - овие трошоци целосно ги внесувате на полето 14 од "ДЛД-ДБ" и ја зголемуваат даночната основа.

**Надоместокот за користење на сопствен автомобил за службени цели над износот пропишан со закон (поле 15)** - на ова поле го внесувате износот што

е над износот утврден за трошоците за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот од лицата во работен однос.
Исплатата на вакви надоместоци на лица кои не се вработени кај вас, целосно ја зголемуваат даночната основа, односно претставуваат оданочив расход во даночниот биланс.

**Парични казни, пенали и затезни камати за ненавремено платени јавни давачки (поле 16)** - овие трошоци целосно ги внесувате на полето 16 од Даночниот биланс со што се зголемува даночната основа.

- Под *парични казни* се сметаат прекршочни и други казни изречени од надлежен суд и други надлежни органи.
- Под *пенали* се подразбираат пеналите што даночниот обврзник ќе му ги плати на друго правно или физичко лице врз основа на претходен договор (склучен во писмена форма), пропис или судска одлука, односно решение од друг надлежен орган.
- Под *казнени камати* се сметаат каматите за неблаговремена уплата на јавните давачки (даноци, акцизи, царини, такси, придонеси и сл.).

*Напомена*: Судските трошоци и затезните камати по должничко - доверителските односи не се сметаат за парични казни и претставуваат даночно признати расходи.

**Трошоци за репрезентација (поле 17)** - ги внесувате на полето 17 од Даночниот биланс со што се зголемува даночната основа.

**Трошоци за користење и одржување на автомобили и други средства за превоз на обврзникот, трошоци за рент-а-кар возила, во висина од 50% од износот (поле 18)** - го внесувате делот од трошоците над 50% од исплатениот износ по основ на трошоци за користење и одржување на автомобили и други средства за превоз, како и трошоците по основ на користење на рент-а-кар возила.

**Исплати по основ на стипендии (поле 19)** - овие трошоци целосно ги внесувате на полето 19 од Даночниот биланс со што се зголемува даночната основа.

**Надоместокот за закуп на недвижен имот како и износот на надоместокот на трошоците поврзани со закупот на вработено лице (поле 20)** - се искажуваат

платените надоместоци за закуп на недвижен имот, надоместокот за режиски трошоци и сите други надоместоци кои се однесуваат на закуп на недвижен имот кој го користи вработено лице, а надоместоците ги плаќа работодавачот

**Други усогласувања на расходите (поле 21)** - ги внесувате износите на другите трошоци кои не се во директна врска со дејноста, не се во функција на остварувањето на нето-приходот и кои не се опфатени во член 27 од ЗДЛД или се во спротивност со нив. Покрај другите усогласувања, како трошоци кои не се во директна врска со дејноста се искажуваат и уплатена премија за доброволно здравствено осигурување за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, над една просечна месечна бруто-плата во Република Северна Македонија, објавена во јануари во тековната година според податоците од Државниот завод за статистика како и платени лабораториски тестови за COVID-19 за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност над износот од 9.000 денари на годишно ниво по вработен .

**Даночна основа (поле 22)** - го внесувате износот утврден како збир на нето-доходот пред оданочување зголемен за расходите што не се признаваат за даночни цели (поле 01 + поле 03).

Ако во Билансот на приходи и расходи (образец "Б") искажете загуба пред оданочување, во тој случај го внесувате износот утврден како разлика меѓу расходите што не се признаваат за даночни цели и загубата пред оданочување (поле 03 - поле 02).

Ако и по ова усогласување добиете негативна разлика, во тој случај пред износот искажан како даночна основа (поле 22-IV-Даночна основа) впишувате "-" и не ги пополнувате полињата што следат.

## Даночни намалувања и ослободувања

**Намалување на даночна основа (поле 23)** - го внесувате износот утврден како збир од намалувањата од поле 24 + 25 + 26 +27.

**Вложувања во материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) во висина од 30% од извршените вложувања, но не повеќе од 50% од даночната основа (поле 24)** - се внесува намалувањето на даночната основа за 30% од извршените вложувања за проширување на дејноста, со тоа што извршеното намалување не може да биде поголемо од 50% од утврдената даночна основа за истиот даночен период и тоа во: 1) материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и 2) нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти).

*Напомена*: Не се сметаат како вложувања во материјални и нематеријални средства, вложувањата во: мебел, патнички автомобили, теписи, аудиовизуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други украсни предмети за опремување на административните простории.

*Пример 1:*

Даночна основа од поле 22 од "ДЛД-ДБ" = 500.000 денари
Инвестициони вложувања во текот на 2025 година = 1.000.000 денари
Пресметка: 1.000.000 x 30% = 300.000 денари

Правото на намалување е одредено во износ кој не може да биде поголем од 50% од даночната основа. Во конкретниот пример тоа право изнесува 250.000 денари.

Даночна основа 500.000 x 50% = 250.000 денари

Даночниот обврзник во "ДЛД-ДБ" како даночно намалување по основ на извршени вложувања ќе може да го внесе износот од 250.000 денари.
*Напомена*: Остатокот од инвестиционите вложувања не се пренесуваат во наредната година.

*Пример 2:*

Даночна основа од поле 22 од "ДЛД-ДБ" = 500.000 денари
Инвестициони вложувања во текот на 2025 година = 700.000 денари
Пресметка: 700.000 x 30% = 210.000 денари

Правото на намалување е одредено во износ кој не може да биде поголем од 50% од даночната основа.

Даночна основа 500.000 x 50% = 250.000 денари

Даночниот обврзник во "ДЛД-ДБ" како даночно намалување по основ на извршени вложувања ќе го внесе износот од 210.000 денари, кое не го надминува износот од 50% од даночната основа.

**Вложувања во патнички автомобили во дејностите: изнајмување на возила (рент-а-кар), автотакси превоз, возила за обука на возачи и специјални возила (погребални, брза помош, возила за помош на пат и сл.) во висина на извршеното вложување, но не повеќе од висината на даночната основа (поле 25)** - ја внесувате вредноста на извршените вложувања во патнички автомобили, само доколку вршите една од следните дејности: изнајмување на возила (рент-а-кар); авто такси превоз; возила за обука на возачи; и специјални возила (погребални, брза помош, возила за помош на пат и сл.).

*Пример 1:*

Даночен обврзник - автотакси превозник набавува возило во износ од 650.000 денари.

Даночна основа од поле 22 од "ДЛД-ДБ" = 580.000 денари

Правото на намалување изнесува 580.000 денари, односно во висина на искажаната даночна основа за истиот даночен период во кој е набавено возилото.
*Напомена:* Остатокот од вредноста на набавеното возило над износот на даночната основа (650.000 - 580.000 ) кое изнесува 70.000 денари не се пренесува во наредната година.

*Пример 2:*

Даночен обврзник - автотакси превозник набавува возило во износ од 450.000 денари.

Даночна основа од поле 22 од "ДЛД-ДБ" = 500.000 денари

Правото на намалување изнесува 450.000 денари, односно истото ќе биде во висина на вложувањето.

**Даночно намалување при годишно пресметување на данокот на доход (поле 26)** - го внесувате износот на утврденото даночното намалување според времетраењето на вршењето на дејноста.
Доколку остварувате приходи во период пократок од годината за кој се поднесува даночниот биланс, во тој случај даночното намалување ќе го утврдите со множење на бројот на деновите за кои е утврден нето-доходот со износот на намалувањето, поделено со бројот на работни денови во годината.

**Намалување на даночна основа со други закони (поле 27)** - ја внесувате вредноста на утврдените други ослободувања кои како обврзник ги користите или имате право да ги користите, а кои се утврдени со други прописи. Доколку го пополните ова поле задолжително треба да доставите докази прилог со кој ќе го образложите основот на намалување на данокот (согласно со кои членови и од кои закони се врши).

**Даночна основа за пресметување на данокот (поле 28)** - го внесувате износот кој претставува разлика помеѓу утврдената даночна основа од полето 22 и утврдените износи на даночните ослободувања, односно олеснувања при што добиениот износ претставува даночна основа по намалување.

**Пресметан данок** (**поле 31**) - го внесувате износот на пресметаниот данок на доход според стапката утврдена во членот 11 од ЗДЛД, на даночната основа утврдена во полето 28 од образецот.
Данокот на доход, согласно членот 11 од ЗДЛД, се плаќа по стапка од 10%

*Пример:*

Даночна основа за пресметување на данокот = 1.450.000 денари
Пресметан данок (1.450.000 x 10% = 145.000 денари

**Намалување на пресметаниот данок (поле 34)** - го внесувате збирот од поле 35 +36.

**Намалување на данокот за вредноста на набавените и ставени во употреба до десет фискални апарати (поле 35)** - на даночниот обврзник кој е должен, согласно Законот за регистрирање на готовински плаќања, да воведе и да користи одобрен систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања, му се намалува пресметаниот данок за набавени до десет фискални апарати, во висина на нивната вредност.

Ова даночно ослободување, даночниот обврзник го остварува со одобрение од Управата за јавни приходи по поднесено барање (образец "ДЛД-02") до 20 јануари наредната година, по годината за која се поднесува барањето.
Доколку даночното ослободување не го искористите до крајот на тековната година имате право да го пренесете во наредниот период. Пренесениот дел на даночното ослободување кој останува да го користите во наредната година, се дели со бројот на месеците во годината (12 месеци).

**Намалување на данокот по други основи утврдени со Закон (поле 36)** - ја внесувате вредноста на другите намалувања на данокот кои имате право да ги користите, а кои се утврдени со други прописи. Ако го пополните ова поле задолжително треба да доставите прилог со кој ќе образложите согласно со кои членови и од кои закони се врши намалување на данокот.

## Данок за плаќање/враќање

**Пресметан годишен данок за плаќање (поле 37) -** се внесува износот како разлика помеѓу пресметаниот данок и износот пресметан за намалување на данокот (ред. бр. VII - ред. бр. VIII).

**Платени аконтации на данокот за даночниот период (поле 38)** - се внесува износот на платените аконтации.
**Данок за доплата или повеќе платен данок (поле 39)** - се впишува износот на данокот за доплата, доколку разликата е негативна, односно платен е повеќе данок пред износот се впишува знак "-".

## Годишна даночна пријава

Управата за јавни приходи изготвува пополнета Годишна даночна пријава за сите граѓани - физички лица кои оствариле доход од самостојна дејност во текот на 2025 година. Пополнетата Годишна даночна пријава (ДЛД-ГДП), Управата за јавни приходи ја доставува до граѓаните најдоцна до 30 април 2026 година преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk**

Секое физичко лице е должен да ја потврди точноста на податоците од пополнетата Годишна даночна пријава или да ја коригира пријавата најдоцна до 31 мај 2026 година. Доколку граѓанинот не ја потврди или коригира пополнетата Годишна даночна пријава најдоцна до 31 мај 2026 година, пополнетата ДЛД-ГДП издадена од УЈП ќе се смета за потврдена.

## ПАУШАЛНО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДОХОДОТ ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

Паушално може да се оданочуваат граѓаните кои обавуваат самостојна дејност:

- кои не се во состојба да водат деловни книги или на кого водењето на деловните книги им го отежнува вршењето на дејноста;
- кои вработуваат покрај обврзникот најмногу уште едно лице;
- во чија дејност не вложуваат и други лица; и
- кои остваруваат нето годишен приход од вршење на дејност до две просечни годишни плати.

Во групата на паушалисти потпаѓаат: верски службеници (оџи, свештеници...), занаетчија (чевлар, часовничар, острач на ножеви и други видови сечила, чистач на чевли, сарач, бојаџија, точкар, јорганџија, изработка на обланди, корнети и кори и кадаиф, лимунаџија, бербер, каменорезач, грнчар, лимар, кројач, металостругач, бравар, бижутер, изработка и поправка на предмети од кожа, тапетар, семкар, свеќар...) и други.

Граѓанинот кој обавува самостојна дејност кој ги исполнува условите за паушално плаќање и кој сака данокот на доход за приходите од вршење на дејност да го плаќа според паушално утврден нето-доход, треба да поднесе Барање за паушално оданочување на данок на доход (образец “ДЛД-П“) http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/30

Граѓанинот може да го поднесе Барањето до даночната канцеларија на УЈП најдоцна до крајот на годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот (пр. до 31.12.2025 година за 2026 година).

УЈП одлучува по ова барање за тоа, дали постојат околности поради кои обврзникот не е во состојба да ги води деловните книги, или нивното водење значително би му го отежнало вршењето на дејноста.

Доколку се исполнети условите, УЈП ќе ви го утврди паушалниот нето-доход, имајќи ги во предвид:

- местото каде што се наоѓа деловната просторија;
- опременоста на деловната просторија;

- пазарните услови во кои се врши дејноста;
- површината на деловната просторија;
- староста и способноста на обврзникот;
- големината на нето-приходот на обврзникот, кој под исти или слични услови врши иста или слична дејност; и
- други околности кои влијаат на остварувањето на добивката.

Доколку УЈП утврди дека престанале условите за користење на правото за паушално оданочување, во наредната година ќе ве задолжи да водите деловни книги.

Граѓаните кои вршат регистрирана дејност, а кои данок на доход го плаќаат во паушален износ, не се обврзници за водење на деловни книги и немаат обврска да воведат во употреба одобрен систем за евидентирање на готовински плаќања. Аналогно на ова и не се обврзани да состават и да достават Годишна сметка до УЈП и до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар.

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври” бр. 27,
1000 Скопје
тел. 0800 33 000; 02/3253 200

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу” бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада“ бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври” бр. 27, 1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. "Мирче Ацев" бр.3, 7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители” бр.6, 7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара” бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода” 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ” бр.1, 2400 Струмица
тел/факс 034/343 057

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax.ujp.gov.mk

e-ujp.ujp.gov.mk

ISBN: 9978-608-4866-72-5